# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1552.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА И ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 март 2024 година.

Бр. 08-2170/1
28 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА И ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА

Член 1

Во Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 176/21), во член 36 ставот (2) се менува и гласи:

„Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член, изразена во ден/кг. по категориите на опрема од членот 5 став (1) од овој закон, изнесува:

1. 50 ден/кг. за опрема за температурна размена;
2. 87 ден/кг. за екрани, монитори и опрема која содржи екрани со површина поголема од 100 cm²;
3. 175 ден/кг. за светилки;
4. 50 ден/кг. за голема опрема;
5. 75 ден/кг. за мала опрема и
6. 50 ден/кг. за мала информатичко - комуникациска технологија и телекомуникациска опрема.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Надоместокот од ставот (1) на овој член се пресметува врз основа на нето-масата на опремата по единица парче изразена во килограми, намалена за 10% за производите кои спаѓаат во категорија 1, 4 и 5 согласно со членот 5 став (1) од овој закон и за 10% за сите останати категории согласно со членот 5 став (1) од овој закон, за што се составува квартална пресметка на посебен образец, дури и кога производителот не пушта производи на пазарот во текот на тој квартал.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT TË MENAXHIMIT TË PAJISJEVE ELEKTRIKE DHE ELEKTRONIKE DHE MBETURINAVE TË PAJISJEVE ELEKTRIKE DHE ELEKTRONIKE

Neni 1

Në Ligjin e Menaxhimit të Pajisjeve Elektrike dhe Elektronike dhe Mbeturinave të Pajisjeve Elektrike dhe Elektronike (*) (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 176/21) në nenin 36, paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Masa e kompensimit sipas paragrafit (1) të këtij neni, i shprehur në ditë/kg. sipas kategorive të pajisjeve sipas nenit 5 paragrafi (1) të këtij ligji, është:

1. 50 den/kg. për pajisjet e shkëmbimit të temperaturës;
2. 87 den/kg. për ekranet, monitorët dhe pajisjet që përmbajnë ekrane me sipërfaqe më të madhe se 100 cm²;
3. 175 den/kg. për llambat;
4. 50 den/kg. për pajisje të mëdha;
5. 75 den/kg. për pajisje të vogla;
6. 50 den/kg. për pajisjet e vogla të informacionit - komunikimit dhe telekomunikacionit.".

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Kompensimi nga paragrafi (1) i këtij neni llogaritet në bazë të masës neto të pajisjes për njësi copë, e shprehur në kilogramë, e reduktuar për 10% për produktet të cilat hyjnë në kategorinë 1, 4 dhe 5 në pajtim me nenin 5 paragrafi (1) të këtij ligji dhe për 10% për të gjitha kategoritë tjera në pajtim me nenin 5 paragrafi (1) të këtij ligji, për të cilat përpilohet llogaritje tremujore në formular të veçantë, edhe kur prodhuesi nuk nxjerr produkte në treg gjatë atij tremujori.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e publikimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**1553.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 март 2024 година.

Бр. 08-2171/1
28 март2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД**

Член 1

Во Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21), во член 22 во ставот (4) зборовите: „минимум 10%" се заменува со зборовите: „најмалку 5%".

Член 2

Во член 39 во ставот (4) зборовите: „договорни производители кои имаат удел поголем од 20% во количината на тек на отпад со која постапува колективниот постапувач, како и на" се бришат.

Во ставот (9) по зборот „собирање" се додаваат зборовите: „транспорт, преработка, рециклирање и отстранување".

Член 3

Во член 40 во насловот зборовите: „Максимален удел" се заменуваат со зборот „Удел".

Ставот (1) се брише.

Во ставот (2) кој станува став (1) зборовите: „од ставот (1) на овој член" се бришат.

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (2), (3) и (4).

Член 4

Во член 41 во ставот (1) зборовите: „најмногу 10%" се заменуваат со зборовите: „најмалку 5%, но не повеќе од 15%".

Во ставот (2) зборовите: „ најмногу 10%" се заменуваат со зборовите: „најмалку 5%, но не повеќе од 15%".

Член 5

Во член 60 став (1) точката 10) се менува и гласи:

„колективниот постапувач овозможил плаќање надоместок кој не е еднаков за секој договорен производител или попустот е даден на договорен производител кој не е основач или на основачите на колективниот постапувач е даден попуст поголем од 30% од висината на надоместокот (член 39 ставови (3) и (4) од овој закон);".

Член 6

Во член 61 став (1) во точката 12) зборовите: „помалку од 10% односно повеќе од 10%" се заменуваат со зборовите: „помалку од 5%, односно повеќе од 15%".

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I GJ I**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PËRGJEGJËSI TË ZGJERUAR TË PRODHUESIT PËR MENAXHIM ME RRJEDHA TË POSAÇME TË MBETURINAVE**

Neni 1

Në Ligjin e Përgjegjësisë së Zgjeruar të Prodhuesit për Menaxhimin e Rrjedhave të Posaçme të Mbeturinave (*) (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 215/21), në nenin 22 në paragrafin (4) fjalët "minimumi 10%" zëvendësohen me fjalët "të paktën 5%".

Neni 2

Në nenin 39 në paragrafin (4) fshihen fjalët: "prodhuesit kontraktualë të cilët kanë pjesëmarrje më shumë se 20% në sasinë e rrymës së mbeturinave të trajtuara nga operatori kolektiv, si dhe" fshihen.

Në paragrafin (9), pas fjalës "grumbullim" shtohen fjalët: "transport, përpunim, riciklim dhe asgjësim".

Neni 3

Në nenin 40, në titull, fjalët "Pjesa maksimale" zëvendësohen me fjalën " pjesa".

Paragrafi (1) fshihet.

Në paragrafin (2) i cili bëhet paragrafi (1), fjalët "sipas paragrafit (1) të këtij neni" fshihen.

Paragrafët (3), (4) dhe (5) bëhen paragrafë (2), (3) dhe (4).

Neni 4

Në nenin 41 në paragrafin (1) fjalët: "më së shumti 10%" zëvendësohen me fjalët: "së paku 5%, por jo më shumë se 15%".

Në paragrafin (2) fjalët "më së shumti 10%" zëvendësohen me fjalët: "të paktën 5%, por jo më shumë se 15%".

Neni 5

Në nenin 60 paragrafi (1) pika 10 ndryshohet siç vijon:

"operatori kolektiv ka mundësuar pagesën e kompensimit që nuk është i njëjtë për secilin prodhues të kontraktuar, ose zbritja i është dhënë një prodhuesi të kontraktuar që nuk është themelues, ose themeluesve të operatorit kolektiv ju është dhënë një zbritje më e madhe se 30% e shumës së kompensimit (neni 39 paragrafët (3) dhe (4) të këtij ligji);

Neni 6

Në nenin 61 paragrafi (1) në pikën 12) fjalët: "më pak se 10% gjegjësisht më shumë se 10%" zëvendësohen me fjalët: "më pak se 5% pra më shumë se 15%".

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga publikimi në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**1554.**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 март 2024 година даде

**А В Т Е Н Т И Ч Н О  Т О Л К У В А Њ Е**
**НА ЧЛЕНОТ 93 СТАВ (2) ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" БРОЈ 32/20 И 111/23)**

Членот 93 став (2) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23), гласи:

(1) Започнатите постапки за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планска програма до денот на започнување на примена на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите на законите според кои се започнати и ќе бидат завршени во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Доколку постапките од ставот (1) на овој член не завршат во рокот од ставот (1) на овој член, истите ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Одредбата од членот 93 став (2) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23), треба да се толкува така што постапките за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови започнати по други закони, ќе продолжат само за тие урбанистички планови за кои е завршена јавната анкета и јавната презентација или стручната расправа, а плановите ќе бидат донесени согласно со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23) така што урбанистичките планови нема да се враќаат во